## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ГЕТЕБОРГ, ШВЕДСКА



# 43-то ГОДИШНО СОБРАНИЕ

На 02.02..2014 г. се одржа 43-то редовно изборно годишно Собрание на Друштвото ,,Гоце Делчев,, на кое присуствуваа голем број на членовите како и поканети гости.

Претседателот на Друштвото Тане Ангеловски, по упатената срдечна добродошлица кон сите присутни и поканетите гости, го отвори Собранието и предложи избор на работно претседателство во состав на Гоце Џуков, Ацо Калановски и Тереза Шалевска кои пак ја започнаа работата према однапред подготвениот дневен ред и Програма за работа. Со работата раководеше Гоце Џуков.

Благодарение на Петруш Атанасовски долгогодишен и мошне вреден член,(вработен во друштвото, наскоро заминува во пензија), неколку години наназад, воведува нов начин на презентирање на извештите за работа и финансиското работење, имено, сите информации ги обработува комјутерски и преку проектор хронолошки со фотографии и куси текстови, ги презентира на големо платно, а подносителите на извештаите усмено ги дообјаснуваат. Така, према Извештајот за работа претседателот Тане Ангеловски преку фотографии во редослед од активностите рече дека годинава што измина беше мошне успешна и плодотворна. Голем дел од дејностите предвидени со Планот за работа успешно се реализирани благодарение, пред се, на взаемното почитување и разбирање кое владее меѓу челновите во нашето друштво.

Според Финансискиот извештај на благајникот Крсте Пецов, кој исто така беше презентиран на големо платно, се потврдува домакинското работење со парите и дека годинава ја продолжуваме со позитивно салдо и со подмирени сметки кон општеството.

Во име на Ревизионата комисија во врска со економскиот извештај зборуваше Коста Ризовски кој рече дека Комисијата нема никакви забелешки кон благајничкиот извештај и дека целокупната состојба уредно е документирана со водење на прецизирани податоци.

На Собранието присуствуваа и поканети гости и тоа: од Македонскиот сојуз, Јован Божиновски, од ФК ,,Вардар/Македонија,, Никола Милановски, од МПЦО □,,Св. Кирил и Методиј,, Милан Стојчевски. Гостите посакаа плодна и успешна работа и взаемна поширока и засилена соработка, а со испратени писма на Собранието му посакаа успешна и плодна работа: Македонската амбасада во Стокхолм, МПЦО ,,Св. Наум Охридски,, од Малме и КСД □,,Македонија,, исто така од Малме.

**УПРАВЕН ОДБОР ЗА 2014**

1. Тереза Шалевска
2. Гоце Џуков
3. Трајко Белов
4. Трајан Масев
5. Иво Димевски
6. Стојан Стојановски
7. Крсте Пецов
8. Тане Ангеловски
9. Благоја Ушиновски
10. Весна Челиковик
11. Мице Гусаковски
12. Милица Велевска
13. Димче Мтровски

Со јавно гласање собранието за претседател, по другарско убедување, повторно му ја даде довербата на Тане Ангеловски кој упорно бараше малку одмор од актиностите. Останатите функции на членовите на Управниот одбор ке бидат одредени на наредниот прв состанок закажан за во недела на 09.02.2014.□